# THE ACTIVITY OF THE “SOKOL” SOCIETY IN SHTIP BETWEEN THE TWO WORLD WARS

**Oliver Cackov**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
oliver.cackov@ugd.edu.mk

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

The purpose of this paper is to emphasize the great merits and achievements, as well as the affirmation of the Sokol Society with all its features and registered successes, which left a lasting mark on the spread of sport life in the period between the two World Wars. In addition to sport activities, they set the tone on the development of the cultural and educational life in the city. Special emphasis is given to the participation of the Sokol gymnasts at the Tenth Gymnastic Festival held in 1939 in Prague (Czechoslovakia), and above all to the unforgettable impressions and hospitality they encountered.

**Keywords:** sport activities, propaganda, culture, education, gymnasium.

**Theme/s:** Social History, History of Macedonia, History of Sports.

Проф. д-р Оливер Цацков

# АКТИВНОСТА НА „СОКОЛСКОТО ДРУШТВО" ВО ШТИП ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Историското, политичкото, просветно како и развојот на физичката култура се развивале во рамката на условите на развој кои биле карактеристични за цела Македонија. Физичката култура е широк поим и преставува општествена дејност што има за цел да го зајакнува здравјето на луѓето нивната работна способност и одбрамбена моќ. Тоа е дел од општата култура на еден народ. Првиот македонски педагог штипјанецот Јосиф Ковачев[1] прв ќе го воведе фичичкото воспитување во наставната работа во Македонија. Тоа значи дека зачетоците на физичката култура во Штип временски се врзани за самиот крај на 19-от и почетокот на 20-от век,односно непосредно пред крахот на Османлиското владеење во Македонија. Според кажувањата на постари Штипјани првите обиди да се организира спортски живот во градот датираат при крајот на 19-от век и истите биле без голем успех,освен како најава за почеток на спортувањето како значаен дел од животот на населението. Но, поради Балканските и Првата светска војна не биле забележани никакви активности. Што било и нормално, со оглед на тоа дека Втората балканска војна се водека непосредно во градот Штип и неговата околина, а за време на Првата светска војна Штип иако бил во позадината на фронтот, сепак голем број од населението во Штип било регрутирано посредно или непосредно во воените активности. Спортските друштва и активности во овој временски период биле формирани со одредени

[1] Роден 1839 во Штип бил педагог, реформатор, револуционер, политичар. осиф Антонов Ковачев своето образование најпрво го започнал кај својот татко Антон Ковачев, а го завршил кај учителот Павел Златанов, каде се здобил со името наусничар. Така се нарекувале сите кои имале завршено во келијните училишта. Ковачев потоа се запишал на богословија во каде завршил во 1861 година. Јосиф Ковачев на 24 години, во 1863 година подготвил ракопис за педагошка пракса и заминал за каде сакал да го отпечати. Таму имал средба со со издавачот Д. В. Манчев и неговото дело под наслов *Школска педагогија или методическо раководство за учителите на народните школи* било испечатено во 1863 година.Во 1864 година заминал за Киев, каде се запишал на Богословскиот факултет. Неговото школување траело 4 години, при што се запознал со делата на најголемите руски педагози и со делото на основачот на руската педагогија Константин Димитриевич Ушински. Починал 1898 година.

политички цели од еден или друг „освојувач" кои ги реализирале своите пропангандни и денационалистички стремежи кон македонскиот народ. Од 1915-1918 во Штип забележлива активност покажувала организацијата „Јунак" активност на ова друштво се одвивало во училиштата поради што и членовите на друштвото биле ученици. „Јунаците" имале посебна облека која ја истакнувала нивната припадност. Есента 1918 година бил ставен крај на Првата светска војна. По првата светска војна спортот се повеќе се афирмира помеѓу граѓаните на Штип. Сосема нови насоки во школството културата и физичката култура Штип добива со присоединувањето на Македонија во состав на Кралството СХС. Видлив е неговиот растеж и интензитет со активности ,но не од причини што србските власти сакале да го издигнат културно-просветниот живот на населението од овој крај,туку исклучиво од пропагандни цели. Набргу по доаѓањето на српската власт во Штип тие го формираат „Сокол"[2] гимнастичко друштво. Инаку целото име на друштвото гласи „Брегалничка жупа, Вардарски Соко, Соколско друштво Штип. Штипското друштво било зачленето во Југословенскиот соколски сојуз. Начелник на штипското друштво во овој период бил наставникот по фискултура во штипската гимназија Алојз Соколовски со потекло од Чехословачка. Гиманастичките активности се одвивале во шпиталето[3].

Власта сметала дека добро физички подготвена младина значело и подготвени војници кои ќе ја бранат државата од евентуална војна. Друштвото многу брзо стекнало популарност помеѓу малдинците и децата од градот. Вежбовните активности се сведувале на вежби со справи,на разбој,скокови и трчање. Набргу Соколското друштво започнало да организира јавни приредби и манифестации пред граѓаните со цел да го популаризира друштвото. Тодор Мановиќ[4], инаку член на друштвото ќе запише: " физичката култура без причини и неконтролирана од никого успешно се

[2] Соколското движење за прв пат било основано во 1862 година во Прага,Чехословачка( денешна Чешка)Името го добила по птицата која во словенските народни песни била симбол на јунаштво и витештво. Спрема соколскиот устав во Кралството СХС целтана друштвата било да направат физички здрави луѓе, силни морално и интелектуално,и национално освестени. За време на Кралството СХС истите преставувале најголеми и најмоќни национални и културни друштва.

[3] Мала зграда која служела како дом на сиромашни старци и сиромашни луѓе.

[4] Маневиќ е роден 1910 година во Штип каде се здобива со основно и средноoбразование, а потоа во Белградскиот Универзитет студира Словенска философија. Со новинарство и публицистика започнува уште како средношколец. Објавил над 150белешки и репортажи во весниците „Брегалница",„Правда",и "Глас Југа".Како долгогодишен професор во средните и вишите училишта 1937-1973 година во повеќе изданиј.Публицистот Тодор Маневиќ активно учествувава во истражувачката дејност во Архивот на МАНУ за збогатувањето на фондовитесодокументи од културно-просветното и уметничкото минато на Македонија. Посебна активност покажал кон културното наследство на својотроден град Штип

развиваше. Организаторот на соколството во Штип, чехот Соколовски беше енергичен наставник по музика и гимнастика во Гимназијата.Во Соколското друштво беа опфанати учесници од редот на трговско-занаетчиската младина и од други средини кои доброволно се зачленувале во градското соколско друштво. Потоа постепено добија свој оркестари хор со кои во средината на април 1923 година 94те штипските соколи приредија успешни концерти во Белград и Нови Сад“.[5] Во 1925 година началникот на друштво заминал од Штип бидејќи бил преместен како наставник во Скопје.Континуитетот и растежот на Друштвото продолжува особено по доаѓањето на Ганчо Пајтонџиев. Една од задачите што тој ги поставил била збогатувањето на Друштвото со фискултурни справи.

Тоа ќе го потврди во своите сеќавањата Панче Зенделски кој вели: Постепено се набавуваа справи за вежбање, вратило, разбој, карика, коњ, греда и други. Со набавувањето на справите растел и интересот за младината за овој спорт“.[6]

Во 1926 година во офицерскиот дом гимнастичарското друштво извело забележливи академии. Со слични академски точки Соколското друштво во Штип во овој период посетил повеќе градови во Источна Македонија. Во 1928 година во Штип пристигнале „Соколите“ од Мостар, тие со големо воодушевување биле пречекани од граѓаните на Штип. Мостарските „Соколи“ во Офицерскиот дом одржале и јавен час,поздравени со овации од многубројната публика. Оваа посета уште повеќе го поттикнувало интересот на штипјани кон Соколското друштво. Наредната 1929 година штипските гимнастичари имале голема турнеја низ Кралството СХС. Нивниот престој оставил силен впачаток во градовите каде што гостувале. Една таква топла средба на штипските гимнастичари им била приредена во Крушевац (Србија). За овој настан весникот Политика пишува: “ на својата голема турнеја денес во 11 часот претпладне овде престојуват членовите на штипското Соколско друштво,кога пристигнале во возот одекнало громогласно „Здраво“. По меѓусебното запознавање воената музика почнала со свирењето на „Сокололскиот марш“. По патот и низ улиците на градот

[5] Тодор Мановиќ, Културата и културните активности во Штип меѓу двете светски војни,Штип и Штипско во НОВ 1941-1945 година,Скопје,кн.1,2000.

[6] Културните, музичките и спортските активности во Штип во периодот 1918-1941 година,Историски архив на град Штип.Фонд Мемоарска граѓа.

граѓаните воодушевено ги поздравувале гимнастичарите од Штип. На ова патување штипските Соколи го посетиле и Белград и Ваљево“.[7]

Во периодот од 1933 година  одбележување била активноста односно петнаесет дневниот курс на Друштвото на младинци од Брегалничкиот округ,на кој учество зеле гимнастичари од Штип,Берово и Кочани. Слетот бил одржан во Скопје од 3 до 5 јуни 1933 година. На слетот гимнастичарите од Штип зеле учество во сите натпреварувачки дисциплини и постигнале одлични резултати. Во периодот од 12 до 15 јуни 1935 година гимнастичарите од Штип учествувале на слетот одржан во Софија (Бугарија) каде што постигнале впечатливи резултати. По сеќавање на учесник во слетот тие за време на престојот биле пречекани од бројните семејства и роднини со потекло од Штип кои живееле во Софија. Таа средба била исполнета со емоции и солзи радосници.

Во 1936/37 година најзначаен момент за штипските гимнастичари бил почетокот на изградбата на новиот Соколски дом. Денот кога почнала изградбата на домот бил „празник“ и за штипјани. Соколските домови се сметале за силен пропаганден фактор во Кралството СХС бидејќи покрај физичките активности,во нив младината ја воспитувале со патриотски дух.

Главен белег во работата на Соколското друштво во 1938 година биле силните подготовки за учеството на гимнастичарите на Деветиот сегимнастички слет одржан во Прага во почетокот на јули 1938 година. За гимнастичарите ова било многу богато искуство бидејќи слетот се одржувал во земја со завидна гимнстичка традиција. Односно земја од која започнало да се развива Соколското движење.Возбудата особено била силна,бидејќи ќе присуствувале во слет во земја позната по својата култура,архитектура,просвета, а не помалку важно било и тоа што јазично земјата била блиска со Македонија. Од сеќавањата на учесниците се забележуал ентузијазмот со кој тие се подготвувале за слетот. На слетот од Гимназијата во Штип учествувале: Трајко Кошевалиски, Петар Сарев, Киро Савев, Лазар Каламатиевиќ, Монко Ефтимов, Ѓорѓи Тасков, Методи Балванлиев, Аспарух Гочев, Димитар Казанџиски и Илија Зипев. Од овој слет учесниците донеле силни импресии, а пред се биле воодушевени од гостопримството и љубезноста на кои наидувале на секој чекор. Сеќавајќи се на овој

[7] Кирил Цацков, Просветата и културата во Штип и штипско меѓу двете светски војни, Глобус, 45, 1995, Скопје.

незаборавен настан Трајко Кошевалиски изјави:“ со пристигнувањето во Чехословачка уште на границата бевме примени мошне срдечно. Веднаш ни понудија храна и сокови. Во Прага пристигнавме на 1. Јуни 1938 година во 6.30 часот .Низ улиците на градот маширавме со музика,бурно поздравени од граѓаните се до училиштето во кое бевме сместени. На јавниот наспап кој се одржа на 3 јуни присуствуваше и претседателот на Републиката д-р Бенеш. Тој бил голем пријател на Југославија,а особено на Србите. Гимнастичарите на овој Десети сегимнастички слет го дадоа својот максимум да остават што може посилен впечаток “.[8] За одбележување е и тоа дека за овој натпревар зборува и пречекот на граѓаните од Штип и благодарноста што достојно го преставиле родниот град.

Забележливи резултати членовите на друштвото постигнале и во 1939 година. Нивната активност се манифестирала преку разновидни форми,приредби,жупаниски натпревари и слично.

На петтиот жупаниски натпревар одржан во Скопје на 24 јуни 1939 година учествувале 37 друштва од Македонија. На овој жупаниски натпревар натпреварувачите од Штип во осмобој го освоиле второто место, а младинките исто така го освоиле второто место. За одбележување е дека Соколското друштво покрај спортските активности го организирале и културно-просветниот и забавен живот во градот. Организирале другарски вечери, игрански, актуелни предавања од духовниот,просветниот и политичкитот живот на граѓаните. Гимнастичарите имале изградено висок морален карактер и добро однесување,со високи човечки достигнувања.

Тие биле пример каде што живееле. Членовите на Соколското друштво имаат заслуга и за промовирање на други спортови во градот како одбојката и кошарката. Најзначаен момент во почетокот на 1939 година за гимнастичарите на Соколското друштво и за штипјани било свеченото отворање на новиот Соколски дом. По тој повод Гласникот на Српската православна патријаршија пишува:“ Штип идниот центар на Брегалничката област изгради прекрасен Соколски дом[9] како споменик на штипските гимнастичари на починатиот Крал Александар Први обединетел.

[8] Трајко Кошевалиски,Развојот на физичката култура во Штип и штипско, ракопис.

[9] Домот бил изграден на местото каде што денес е зградата на Народниот театар во Штип.

Посветувањето е извршено на роденденот на Кралот Петар Втори во 12 часот . Посветувањето го извршил господин Симеон Епископ Злетовски-Струмички".[10]

Непосредно пред избувнувањето на Втората светска војна се повеќе станувало јасно дека истата е неизбежна. Психологијата на напнато исчекување се одразило и на работата на Соколското друштво. Ентузијазмот се повеќе спласнувал за да 1940 сите активности на Соколското друштво целосно замреле, Со ова била ставена точка на една согата активност која го збогатила не само спортскиот дух туку и во сите пори на животот на градот Штип.

Литература


1. Јакочев (1983) Соколска организација и стварање прве заједничке дрѓаве Јужних Соловена,Народна књига.
2. Кирил Цацков, Штипскиот регион меѓу двете светски војни 1918-1914 година, ПФ "Гоце Делчев,, Штип,2002.
3. Културните,музичките и спортските активности во Штип во периодот 1918-1941 година,Историски архив на град Штип.Фонд Мемоарска граѓа.
4. Љубодраг Димич, Културна политика  у Краљевини Југославији 1918-1941, Стубови културе,Београд.
5. Миле Стојич (2008) Визуелна култура Сокола,Новопазарски зборник 31.
6. Миливоје Павловиќ, (1931) Идеологија соколства,Скопска жупа,Скопје.
7. Тодор Мановиќ,Културата и културните активности во Штип меѓу двете светски војни,Штип и Штипско во НОВ 1941-1945 година,Скопје,кн.1,2000.
8. Трајко Кошевалиски, Развојот на физичката култура во Штип и штипско, ракопис.


[10] Кирил Цацков, Штипскиот регион меѓу двете светски војни 1918-1914 година, ПФ "Гоце Делчев,, Штип, 2002.